**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 02-02-2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 610 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово;

3. **Период опфатен со надзорот:** 24 јануари 2018 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 2 февруари 2018 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум)

6. **Претходно изречена мерка:**
   *На 30.11.2017 година, за непочитување на член 14 од Законот за медиуми, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр.03-450, 30.11.2017 година) на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово.*
   *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 45 (четириесетипет) дена од денот на приемот на решението (4.12.2017 г.), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.*

7. **Констатации од надзорот:**
   Со контролниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово, емитуван на 24 јануари 2018 година, на државно ниво, констатирано е дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) <u>во целост постапил по решението</u>, односно ја отстранил извршената повреда на член 14 од Законот за медиуми.

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***